Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**
**Државен инспекторат за труд**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Државен инспекторат за труд
Подрачна единица

Бр. 04- 3368/11
29.11.2018 год.

Република Македонија
Тел. (02) 3 116 110
Сајт: www.dit.mk

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ'', број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Директорот на Државниот инспекторат за труд донесе

# О Д Л У К А

## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 1/2018 за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за труд, објавен на веб страната на Државниот инспекторат за труд и Агенцијата за администрација, за работното место **Раководител на одделение за инспекциски надзор од областа на работните односи – Регион II**, во Сектор за инспекциски надзор од областа на работните односи - 1 извршител, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

- **Амир Имери**.

2. Директорот на Државниот инспекторат за труд за Амир Имери во рок од 5 дена по конечноста на одлуката ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Државниот инспекторат за труд и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за труд, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Раководител на одделение за инспекциски надзор од областа на работните односи – Регион II, во Сектор за инспекциски надзор од областа на работните односи - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за унапредување на раководни административни службеници, формирана со Решение бр. 04-3124/5 од 01.11.2018 година, спроведе административна селекција по интерениот оглас, за што изготви Записник заведен под бр. 04-3368/6 од 26.11.2018 година, по што директорот спроведе интервју, за што е составен Записник заведен под бр. 04-3368/9 од 29.11.2018 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-3368/9 од 29.11.2018 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до директорот.

Согласно со член 52 од Законот за административни службеници „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го во вид горенаведениот член, директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО: 29.11.2018
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архива

Изготвил/Одобрил: м-р Милка Ѓурчевска

Директор
Аљајдин Хавзиу